# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 18 | Петок, 17 ноември 2017 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk

**С о д р ж и н а**

**Градоначалник на општина Струмица:**


| Рег. бр. | | Стр. |
|---|---|---|
| **416.** | **Јавна објава** …….............................................................. | 1 |
| **417.** | **Решение** за определување член на Советот на општина Струмица што ќе го заменува Градоначалникот на општина Струмица за време на спреченост или отсуство ..................... | 2 |


**416.**

Врз основа на член 84 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15), ја извршувам следната достава преку

**Ј а в н а о б ј а в а**

Општина Струмица го повикува НЕПОЗНАТИОТ ИМАТЕЛ НА ГРАДБА во рок од 1 (еден) ден, да се јави во просториите на Општина Струмица, да го подигне Решението со Ип 1 бр. 26-835 од 30.10.2017 година, донесено од Овластениот градежен инспектор.

Општина Струмица, преку Овластениот градежен инспектор, со горенаведеното Решение, му налага на непознатиот имател на градба во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на Решението сам да ја одстрани градбата од втора категорија - викенд куќа, изградена на КП бр. 59 во КО Три Води, со димензии 4.50 x 8.50 м..

Доколку непознатиот инвеститор не го подигне Решението, оваа Јавна објава се смета за уредна достава на Решението со Ип 1 бр. 26-835 од 30.10.2017 година и сите негативните последици кои можат да настанат од истата ги сноси самата странка.

Бр.03-6680/2 Општина Струмица
13.11.2017 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

...............................................

**417.**

Врз основа на член 52 став 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 43 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15) Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за определување член на Советот на општина Струмица што ќе го заменува Градоначалникот на општина Струмица за време на спреченост или отсуство**

1. Се определува Јосиф Христов, член на Советот на општина Струмица, да го заменува Градоначалникот на општина Струмица во случаи на негова спреченост или отсуство.

2. За времето додека го заменува Градоначалникот на општина Струмица, членот на Советот на општина Струмица има права и должности утврдени со закон и со Статутот на општина Струмица.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 09-7076/1 Општина Струмица
16.11.2017 год. Градоначалник
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.